МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Дел.бр. 13/1-28/150
Датум: 16.02 2016 година.

**ДО:** а/а

**ПРЕДМЕТ:** План за интегритет на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, доставува-

**ВРСКА:** Решение на министерот за одбрана 02-1/150 од 25.09.2015 година

Во прилог на актот, на Ваше знаење, доставуваме План за интегритет на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, донесен од Министерот за одбрана на 12 февруари 2016 година. Планот за интегритет е изработен и предложен од Работната група за изработка и имплементација на План за интегритет (решение, врска).

Донесувањето на План за интегритет е дел од обврските од Партнерската Цел G0204 - Развој на интегритет, како и препорака од Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на судирот на интереси со акционен план 2011-2015 година.

Прилог: Решение на Министер (акт врска)
План за интегритет на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија

Изработил: Биљана Милошевска Трајковска
Одобрил: полковник Марјан Јачевски
Согласен: Сашо Марковски

**Сектор за меѓународна соработка**
**по овластување на министер**
Маја Стојановска

Доставено до:
- Сектор за поддршка на министерот (на знаење)
- Заменик министер за одбрана (на знаење)
- Кабинет на НГШ (на знаење)
- Државен Секретар (на знаење)
- Државни советници
- Сите ОЕ (на знаење)
- Воена Академија (на знаење)
- Архива СМС (примерок 1).

15.02.2016 12:40 часот

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за одбрана, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Работна група за изработка и имплементација на План за интегритет за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија

1. Се формира работна група за изработка и имплементација на План за интегритет за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија
2. За главен координатор на работната група и активностите во врска со организацијата и реализацијата на обврските и задачите од ова Решение, се определува **Сашо Марковски, советник за надворешна политика.**
3. За членови на работната група и нивни заменици се одредуваат следните лица:

**Генералштаб на Армијата на Република Македонија**
Ппк. Марио Јуришиќ – член; мајор Гоце Милковски – заменик член

**Сектор за правни работи**
Милан Андоновски – член, Ирена Станковска – заменик член

**Сектор за инспекција во одбраната**
Благица Трошанска - член, ппк. Димитар Бошковски –заменик член

**Сектор за внатрешна ревизија**
Славица Таштаноска – член, ппк. Фердо Павлов – заменик член

**Сектор за финансии**
Гроздanка Парталова – член, Јасмина Новковска – заменик член

**Сектор за човечки ресурси**
Афрдита Волина –член, ппк. Виктор Костиќ – заменик член

**Сектор за логистика**
ппк. Игор Лозановски – член, Стефан Ивановски – заменик член

**Сектор за недвижности и услуги**
Александар Ајтовски – член; Елизабета Марковска Гиновска, заменик

**Сектор за политика и планирање**
Кети Ристеска – член; Катерина Р. Василева – заменик член

**Сектор служба за воена безбедност и разузнавање**
ппк. Дојчин Лазаревски – член, мајор Кире Медарски – заменик член

**Сектор за комуникации аналитика и оперативна поддршка**
Атанас Прчев -член, Душко Аврамовски – заменик член

**Сектор за меѓународна соработка**
Биљана Милошевска Трајковска – член, Владимир Поповски – заменик член

**Воена Академија**
Полковник доцент Александар Главинов

4. Рок за изработка на План за интегритет за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија е 15 декември 2015 година.
5. Состаноците на работната група ќе се реализираат во просторија 506 во Министерството за одбрана.
6. За одговорен за изработка на извештаи од состаноците на работната група и нивната дистрибуција се назначува членот од Секторот за меѓународна соработка или неговиот заменик во отсуство.
7. Ова Решение стапува во сила на денот на донесување.

*Бр.* 02-1/150
25-09-2015 *2015 година*
*Скопје*

*МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА*
*Зоран Јолевски*

Изработил: Биљана Милошевска Трајковска
Контролирал: Спасоја Дамјаноски
Согласен: Сашо Марковски

Доставено до:

- Сектор за поддршка на министерот - (на знаење);
- Заменик на министерот за одбрана - (на знаење);
- Кабинет на НГШ (постапување);
- Сектор за инспекција (постапување)
- Сектор за комуникации аналитика и оперативна поддршка (постапување)
- Сектор за правни работи (постапување)
- Сектор за човечки ресурси (постапување)
- Сектор за политика и планирање (постапување)
- Сектор за внатрешна ревизија (постапување)
- Сектор за финансии (постапување)
- Сектор за недвижности и услуги (постапување)
- Сектор за логистика(постапување)
- Сектор служба за воена безбедност и разузнавање (постапување);
- Сектор за меѓународна соработка (постапување)
- Воена Академија (постапување)
- СМС (01);
- Архива на МО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПЛАН ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2016-2019

-Скопје, февруари 2016 година-

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за одбрана, донесе

## *ПЛАН ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2016-2019*

### *ВОВЕД*

Криминалот и корупцијата, го поткопуваат доброто владеење, го намалуваат капацитетот на институциите и ги чинат државата и граѓаните значителни финансиски ресурси, што негативно влијае на напредокот, остварувањето на основните демократски права и животниот стандард на населението. Од тука разбирливи се националните и напорите на меѓународната заедница за континуирано унапредување на постојните и воведување на нови механизми за зајакнување на доброто владеење во различните сфери на државното уредување.

Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, во согласност со стратешката определба на Владата на Република Македонија за бескомпромисна борба против криминалот, корупцијата и ефикасно спроведување на правото, во континуитет работат на доследно спроведување на законите, унапредување на процесите и подигнување на свесноста на вработените и раководството за прашањата поврзани ризикот од корупција. Посветеноста на високото раководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија претставува движечка сила во процесот на континуирана имплементацијата на концептот на интегритет.

Со цел систематизирање на напорите за борба против корупција и имплементација на концептот на интегритет, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, пристапија кон проценка на ризиците од корупција и создавање на План за интегритет.

Изработката на План за интегритет е во согласност со напорите за Евроатланско интегрирање на Република Македонија, особено во делот на интеграција во НАТО.

Изготвувањето на Планот за интегритет се реализира со помош на препораките на Државните програми за превенција и репресија на корупција и судир на интереси и достапните алатки од Програмата на НАТО за градење на интегритет.

### *ВИЗИЈА И МИСИЈА*

#### а) *Визија*

Министерство за одбрана и вооружени сили со напреден систем за идентификување и минимизирање на ризиците од корупција и систем за континуирано унапредување на институционалниот и личен интегритет.

### б) *Мисија*

Идентификување на целите, активностите, надлежностите и ресурсите за подобрување на процесите, минимизирање на ризиците од корупција и создавање на услови за континуирано унапредување на институционалниот и личен интегритет.

## *ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНАНА РАМКА*

Покрај силните заложби на високото раководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија за континуирана имплементација на концептот на интегритет и продлабочување на системот на интегритет, зајакнувањето на интегритетот се наметнува како национална и обврска од процесот на евроатланско интегрирање на Република Македонија.

### а) *Национално ниво*

На национално ниво, обврската за имплементацијата на концептот на интегритет произлегува од Препораките од Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на судирот на интереси, со соодветните акциони планови. Споменатите препораки претставуваат правна основа за дополнително развивање на системот на интегритет. Изработката на План за интегритет, во таа насока претставува и проактивен чекор во напорите за изработка и имплементација на Државната стратегија за управување со ризици.

Една од темелните вредности на Уставниот поредок на Република Македонија, утврдена во уставот на Република Македонија е владеење на правото, што покрај другото значи доследна и правилна примена на законите кои се во сила и се применуваат во Република Македонија.

Во зависност од видот на активностите кои се предмет на правно регулирање во Република Македонија се донесени бројни закони со кои се уредува и се санкционира оваа проблематика помеѓу кои ги набројуваме:

- Кривичниот законик на Република Македонија;
- Закон за спречување на корупцијата;
- Закон за судир на интереси;
- Законот за лобирање
- Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Закон за државната ревизија;
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
- Други закони кои се во функција на спречување и намалување на корупциските активности, подмитување, лажно претставување и известување, фалсификување, уцена, кражба, завера, проневера, незаконско присвојување, прикривање и сл.

### б) *Учество во меѓународни програми за Евроатланско интегрирање*

Во однос на обврските од учество во меѓународни програми за Евроатланска интеграција, особено во делот на интеграцијата во НАТО, Република Македонија

формално пристапи кон Иницијативата на НАТО за градење интегритет со потпишување на заедничка изјава на состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на „SEDM“, во октомври 2012 година.

Министерот за одбрана, со писмо до помошник генералниот секретар на НАТО, уште еднаш ја повтори определбата на Република Македонија за пристапување кон Иницијативата за градење интегритет на НАТО во февруари 2013 година и во исто време ги најави бесплатната телефонска линија и е-маил адреса за пријавување сомнежи за корупција.

Во февруари 2014 година, Република Македонија кон пакетот Партнерски цели ја додаде и Партнерската цел Г 0204 – Развој на интегритет, која вклучува мерки и алатки за дополнително обогатување на напорите за јакнење на интегритетот и борбата против корупција и изработка на План за интегритет за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Во однос на меѓународните договори и конвенции од страна на Република Македонија се потпишани и ратификувани следните меѓународни правни инструменти за борба против корупцијата и организираниот криминал:

- Казнена Конвенција за корупција на СоЕ ратификувана 1999;
- Дополнителен протокол за казнената Конвенција за корупција;
- Цивилна Конвенција против корупција;
- Конвенција за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело;
- Конвенција за компјутерски криминал;
- Дополнителен Протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистични вид по пат на информатички системи;
- Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал со два протокола;
- Конвенција на Обединетите Нации против корупцијата;
- Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

## *МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ*

Согласно прирачникот на ОБСЕ Промовирање на транспарентноста и отчетноста во јавните институции „не постои единствена методологија, ниту пак единствен модел за системско аплицирање на концептот на интегритет“ во чија основа се плановите за интегритет односно преоценката на ризиците од корупција.

Процесот на изработка на Планот за интегритет, опфати комбинација на мерки и активности и група на достапни алатки. Нивната комбинирана апликација овозможи утврдување на тековната состојба, издвојување на целите, идентификување на ризичните области, одредување на надлежностите за изработка и имплементација на Планот и избор на Матрица за системско прикажување на областите на ризик со предвидените активности.

Целокупниот процес на изработка на План за интегритет како и самиот План за интегритет се темелат врз принципите на транспарентност, одговорност и отчетност.

a) ***Анализа на тековната состојба***

За утврдување на тековната состојба, односно анализирање на добрите практики и областите кои се подложни на ризик од корупција во смисла на овој План се користени Алатките за развој на интегритет од Програмата на НАТО за Градење интегритет.

Министерството за одбрана во јануари 2014 година започна со пополнување на стандардизиран Прашалник за самопроценка на интегритет, кој во себе инкорпорира прашања поделени во 8 области:

- Демократска контрола и ангажман;
- Национални антикорупциски закони и политики;
- Антикорупциска политика во одбраната и безбедноста;
- Однесување на персонал политика обука и дисциплина;
- Планирање и буџетирање;
- Операции;
- Набавки;
- Работа со одбранбени компании и други добавувачи

Врз основа на одговорите од Прашалникот, а со цел финализирање на извештај за состојбите, НАТО тим составен од експерти и претставник на земја која веќе го спровела самооценувањето, во октомври 2015 година, спроведе низа интервјуа со раководниот кадар од Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, членовите на работната група и средба со министерот за одбрана. Во јануари 2016 година, НАТО тимот повратно достави „Извештај за состојбите со препораки". Извештајот и препораките се искористени како основа за дефинирање на целите и изработка Планот за интегритет.

За изработка на Планот, со решение на министерот беше формирана Работна група составена од претставници на Секторите во Министерството за одбрана и претставници на Армијата на Република Македонија.

б) ***Утврдување на цели***

Врз основа на препораките во Извештајот на НАТО тимот и анализата на Работната група, овој План за интегритет ги постави и дефинира следните цели:

- Зајакнување на правната и институционална рамка;
- Унапредување на менаџментот со човечки ресурси;
- Намалување на ризиците од корупција при упатување на персонал во меѓународни мировни мисии и операции;
- Унапредување на логистичките процеси;
- Зајакнување на културата на интегритет

***в) Изработка на матрица за имплементација на планот за интегритет***

Со цел утврдување на најсоодветна матрица која ќе ги дефинира активностите, потребните ресурси и надлежните организациони единици, работната група пристапи кон анализа на повеќе матрици, насоки за изработка на планови за интегритет и прирачници за изработка на планови за интегритет. Споменатите документи се публикации на Државната Агенција за спречување на корупција, НАТО, невладини и владини организации од Регионот.

Како најсоодветна матрица во смисла на овој План за интегритет, е усвоена Матрицата од Акционите планови на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и судир на интереси, со претходна адаптација.

## ***НАДЛЕЖНОСТИ ЗА ИЗРАБОТКА, ДОНЕСУВАЊЕ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ***

Надлежностите поврзани со планот за интегритет во смисла на овој план за интегритет опфаќаат надлежности за изработка и имплементација на План за интегритет; надлежности за надзор над имплементација на Планот за интегритет и надлежности за ажурирање;

***а) Изработка и донесување на план за интегритет***

За изработка и имплементација на План за интегритет, Министерот за одбрана формираше „Работна група за развој и имплементација на План за интегритет". Работната група се состои од претставници на Секторите во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија. На чело на работната група стои координатор одреден од Министерот за одбрана.

Планот за интегритет го донесува Министерот за одбрана, врз основа на предлог на Работната група за развој и имплементација на план за интегритет.

***б) Ажурирање на планот за интегритет***

Планот за интегритет се ажурира на три години или по укажана потреба. Постапката за ажурирање или донесување на нов План за интегритет започнува, по барање на министерот за одбрана, на предлог на координаторот на Работната група за изработка и имплементација на План за интегритет или по препоракана Комисијата за контрола на имплементацијата на Планот за интегритет.

***в) Надзор на имплементацијата на Планот за интегритет***

Со цел надзор над ефикасното и транспарентно спроведување на Планот за интегритет, Работната група предвиде и предложи формирање на независно надзорно тело – Комисија за контрола на имплементацијата на Планот за интегритет и координација на напорите за превенција од корупција. Комисијата известува до Министерот за одбрана.

*СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА*

Стратегијата за комуникација, предвидена со овој План, има за цел преку воспоставени методи на комуникација да придонесе кон ефикасно и транспарентно промовирање и спроведување на Планот за интегритет. Со воведувањето на динамична и прилагодлива Стратегија за комуникација ќе се отвори можноста за поактивно информирање за целите и активностите од Планот за интегритет.

*ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА*

Начинот, постапките и активностите за спроведување на Планот за интегритет се утврдени во Матрица за начинот, постапките и активностите за спроведување на Планот за интегритет, кој претставува составен дел на овој План (Прилог Бр.1).

*Бр.01-1189/1*
12-02-2016
*____________2016 година*
*Скопје*

*МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА*
*Зоран Јолевски*

**Прилог бр.1**

# МАТРИЦА ЗА НАЧИНОТ; ПОСТАПКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ, 2016-2019 ГОДИНА

ЦЕЛ: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВНАТА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

ОБЛАСТ: ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И СТРАТЕГИСКАТА РАМКА

Образложение: Редовното ажурирање на стратегиските документи и подзаконските акти, согласно измените во законската регулатива и стратегиската рамка, позитивно влијаат врз ефективноста и ефикасноста на процесите и во континуитет придонесуваат кон зајакнување на правната и институционална рамка.

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовно ажурирање на подзаконските акти | Ажурирање на подзаконските акти | СПР | Среден | Континуирано | Број на ажурирани подзаконски акти | Нема |
| Редовно ажурирање на стратегиските документи од областа на одбраната согласно настаната потреба | Ажурирање на стратегиските документи | СПП | Висок | Континуирано | Број на ажурирани и донесени стратегиски документи | Нема |
| Ажурирање на Правилникот и упатството за ППБИ | Ажуриран правилник и упатство за ППБИ | носител СПП соработува со МО и ДС | Висок | 12-18 месеци | Донесени, ажурирани Правилник и Упатство за ППБИ од Програмска и Управна група | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на свесноста за концептот за интегритет преку негово вклучување во стратегиските документи | Вклучување на концептот на интегритет во стратегиските документи | СПП | Висок | Континуирано | Ажурирани стратегиски документи, одобрени од Програмска и Управна група | Нема |
| Ажурирање на стратегијата за управување со човечки ресурси | Процес на ажурирање на стратегија за управување со човечки ресурси | СЧР | Висок | 1 година | Усвоена ажурирана Стратегија, одобрена од Програмска и Управна група | Нема |
| Следење, доследна примена и редовно ажурирање по укажана потреба на Упатството кое ги регулира исклучоците од ЗЈН (Упатството за постапување при спроведување на набавки со примена на член 6 и 7 Глава 1, дел од закон за јавните набавки) | Стручно упатство за следење на договорите склучени по исклучок од ЗЈН | СЛ,СФ,СПР, ГШ на АРМ | Висок | Континуирано | Доследна примена на Упатството за постапката за набавка надвор од ЗЈН и Упатството за следење на договорите склучени по предметната постапка | Нема |

| ОБЛАСТ: УПАТУВАЊЕ НА ПЕРСОНАЛ ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ, ОПЕРАЦИИ, МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ШТАБОВИ, КОМАНДИ ИЛИ МУЛТИНАЦИОНАЛНИ ВОЕНИ СИЛИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образложение: Воочена е потреба за донесување на дополнителни подзаконски акти или ажурирање на тековните, со кои се регулира упатувањето во мировни и хуманитарни мисии, операции, меѓународни организации, Штабови, команди или мултинационални воени сили | | | | | | |
| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
| Изменување и дополнување на „Правилникот за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди или мултинационални воени сили“ | Формирање на работна група за измена на тековниот правилник | Носител СЧР соработува со СПР/ГШ на АРМ/СМС | Висок | 1 година | Изменет Правилник | Нема |
| Изработка на Интерна процедура за системот на избор на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди или мултинационални воени сили | Постапка за изработка на Интерна процедура | носител СЧР соработува со ГШ на АРМ | Висок | 1 година | Донесена интерна процедура, одобрена од Програмската и Управната група | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Измена и дополнување на „Решението за определување на обврските на организационите единици на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија во делот на подготовка и упатување на персонал во мировни операции“ | Постапка за изработка на Решение со прецизно дефинирани постапки, рокови, надлежности и одговорности | носител СЧР соработува со ГШ на АРМ | Висок | 1 година | Ажурирано решение, одобрено од Програмската и Управната група | Нема |
| Изработка на Интерна процедура за доследно спроведување на „Решението за определување на обврските на организационите единици на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија во делот на подготовка и упатување на персонал во мировни операции“ | Постапка за изработка на интерна процедура | Носител СЧР, соработува со ГШ на АРМ | Висок | 1 година | Донесена интерна процедура, одобрена од Програмската и Управната група | нема |

## ЦЕЛ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### ОБЛАСТ: СИСТЕМ ЗА ПЕРСОНАЛЕН МЕНАЏМЕНТ

Образложение: Воочена е потреба од унапредување на системот на персонален менаџмент воспоставување на функционален систем кој ги исполнува потребните стандарди за управување со човечките ресурси

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Отпочнување на постапка за анализа на пазарот и условите за набавка на нов систем за персонален менаџмент | Формирање на работна група за анализа на пазарот | Носител СЧР соработува со К4 и СЛ | Висок | 1 година | Анализа и препораки за набавка на нов систем за персонален менаџмент | човечки |

### ОБЛАСТ: СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИ МЕСТА

Образложение: Транспарентноста на процесот на изготвување на систематизацијата на работни места и нејзината достапност ги зголемуваат можностите за развој на кариерата на персоналот

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Транспарентност во изработката на систематизација на работните места | Препораки за вклучување на персоналот во изработката или ажурирањето на систематизацијата на работни места | СЧР | Среден | Континуирано | Поголема вклученост на персоналот во процесот | Нема |
| Достапност на систематизацијата на работни места до вработените | Запознавање на вработените со процесот на пристап до систематизацијата на работни места | СЧР | Среден | Континуирано | Поголема достапност на систематизацијата на работни места до персоналот | Нема |

| Област: РАБОТНИ МЕСТА СЕНЗИТИВНИ НА РИЗИК ОД КОРУПЦИЈА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образложение: Определени позиции во МО и ГШ на АРМ се подложни на ризик од можност за коруптивно однесување. Преглед на сензитивните работни места, ќе овозможи основа за создавање на препораки за намалување на ризикот од корупција | | | | | | |
| **Активност** | **Индикатор на активност** | **Надлежност** | **Приоритет** | **Рок** | **Индикатор на ефективност** | **Ресурси** |
| Изработка на преглед на сензитивни работни места подложни на ризик од корупција | Преглед на сензитивни работни места | Носител СЧР соработува со Ј1 ГШ на АРМ | Висок | 12-18 месеци | Усвоен преглед на сензитивни работни места | Нема |
| Изработка на интерна процедура за ротација на воен и цивилен персонал кој работи на позиции сензитивни на ризик од корупција | Постапка за изработка на Интерна процедура | Носител СЧР соработува со Ј1 ГШ на АРМ | Висок | 12-18 месеци | донесена интерна процедура | Нема |
| План за генерички и специјализирачки обуки за персоналот кој работи на работни места сензитивни на ризик од корупција | Изработка на План за обука на персоналот кој работи на места сензитивни на ризик од корупција | СЧР | Среден | 2 години | Усвојување на План обука на персоналот кој работи на места сензитивни на ризик од корупција | Нема |
| Препораки за посебни мерки на проверка пред поставување на позиции ранливи на ризик од корупција | Интерна процедура за Проверка на персоналот за ризик од судир на интереси и коруптивно однесување | ВСБиР | Среден | 2 години | Интерна процедура за проверка на персоналот | Нема |
| Поврзување на одредени работни места со потребата за работа со класифицирани информации (поседување безбедносен сертификат) | Донесување на систематизација со вградени критериуми за поседување на безбедносни сертификати | Носител СЧР соработува со ВСБиР | Среден | 2 години | Усвоена систематизација со вградени критериуми за поседување на безбедносни сертификати | Нема |

ОБЛАСТ: СИСТЕМ НА ПРОМОЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОЕН ПЕРСОНАЛ (МАЈОР – ПОЛКОВНИК)

Образложение: Воочена е потреба за зголемена контрола на системот за поставување и унапредување на воен персонал во чиновите мајор до полковник, заради зголемување на транспарентноста на постапката

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на Комисија за спроведување на постапка на поставување и унапредување на персонал во чин мајор до полковник | Формирање на комисија | Министер за одбрана во координација со ГШ на АРМ | Висок | 1 година | Формирана комисија | Човечки |
| Донесување на Интерна процедура за регулирање на процесот на унапредување на воен персонал во чинови мајор до полковник | Постапка за донесување на Интерна процедура за регулирање на процесот на унапредување на воен персонал во чинови мајор до полковник | Носител СЧР соработува со Ј1/ГШ на АРМ | Висок | 1 година | Донесена интерна процедура | Нема |

ОБЛАСТ: СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

Образложение: Процесот на самопроценка покажа потреба од преиспитување на системот на плати и надоместоци

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на тековниот систем на плати и надоместоци на плати | Формирање на работна група која ќе работи на анализа на тековниот систем на плати и надоместоци | СЧР/СФ/ГШ на АРМ | Среден | 12-18 месеци | Изработка на препораки | Човечки |

**ЦЕЛ: НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА ПРИ УПАТУВАЊЕ НА ПЕРСОНАЛ ВО МЕЃУНАРОДНИ МИРОВНИ МИСИИ И ОПЕРАЦИИ**

**ОБЛАСТ: СИСТЕМ НА СОБИРАЊЕ НА НАУЧЕНИТЕ ЛЕКЦИИ ПОВРЗАНИ СО РИЗИКОТ ОД КОРУПЦИЈА**

Образложение: Постојат низа активности за пренесување на индивидуалните научени лекции поврзани со ризиците од корупција при упатување во мировни мисии и операции, но со цел создавање на колективна меморија се јавува потреба од формирање на систем на научени лекции. Системот се очекува позитивно да влијае на превенција на ризикот од корупција

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на систем на научени лекции од упатување во меѓународни мисии и операции, поврзани со ризиците од корупција | Активности за изработка на систем на научени лекции | ГШ на АРМ | Среден | 2 години | Функционален систем за научените лекции | Нема |

**ОБЛАСТ: ПРЕДУПАТНА АНТИКОРУПЦИСКА ОБУКА**

Образложение: Воведувањето на предупатната антикорупциска обука се очекува позитивно да влијае влијае на намалување на ризикот од можност за коруптивно однесување

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука за обучувачи | Формирање на базен експерти | Носител СМС соработува со СЧР и Ј1/ГШ на АРМ | Среден | 12-16 месеци година | Број на обучени обучувачи | човечки и финансис ки |
| Воспоставување на Модул за предупатна антикорупциска обука | Реализирани обуки | ГШ на АРМ | Среден | 2 години | Број на обучени лица | човечки |

ЦЕЛ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОГИСТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ - НАБАВКИ

ОБЛАСТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ (ПЈН)

Образложение: Според Законот за јавни набавки ПЈН се донесува до 31 јануари и се менува и дополнува во текот на годината, воочена е потреба од подобрување на процесот поради праксата на повеќекратни измени и дополнувања

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на процесот на планирање на потребите за набавка на стоки,услуги и работи со примена на Правилникот за ППБИ и квалитетот на годишните планови за ЈН | Доследно следење на Правилникот и упатството за ППБИ | СЛ/носители на планирање | висок | континуирано | Намален Број на донесени измени на ПЈН | човечки |

ОБЛАСТ : ПОСТАПКИ ЗА НАБАВКА

Образложение: Воочен е голем број на разнородни постапки за набавка, со различен обем и сложеност, за кои е потребна компетентност и обученост

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоредување Референти од НП на советници компетентни и обучени за спроведување на постапка за набавка, според предметот на набавката | Распоредување на референтите исклучиво на сертифициран персонал | СЛ | висок | 2 години | Зголемување на бројот на распоредени референти на сертифициран персонал | Човечки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на прецизни спецификации за стоки, услуги и работи од страна на носителите на планирање | Зголемување на соработката помеѓу носителите на планирање и секторот за логистика при изработка на спецификацијата | СЛ/НП | Среден | 2 години | Минимизирање на разлики помеѓу побараните и набавени стоки, услуги и работи | Човечки |
| Изработка на документи (записници и извештаи од спроведена постапка) од страна на компетентни и обучени Комисии за јавна набавка | Комисиски извештаи од спроведена постапка со различна сложеност и обем | СЛ/членови на комисија | Среден | 2 години | Подобрување на квалитетот на извештаите од спроведените постапки | Човечки |
| Извршување на ревизии на набавките со висока вредност посебно набавките од долгорочниот план за развој на одбраната согласно стратешкиот и годишниот план за ревизија и на барање на раководното лице | Редовни/вонредни ревизии | СВР | Среден | 3 години | Број на издадени конечни извештаи | Човечки |

## ЦЕЛ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОГИСТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ - АКВИЗИЦИЈА

**ОБЛАСТ: ПРОЦЕСИ НА РАБОТЕЊЕТО**

Образложение: Воочена е потреба од воспоставување на прецизни оперативни процедури и методологија за водење на системот за планирање и поддршка на проектите на аквизиција

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на функционирање на системот во процесот на планирање и поддршка на проектите за аквизиција | Ревидирање на постоечките и носење на нови детални процедури и методологија за управување со аквизициски проекти | СЛ/ГШ на АРМ | Среден | 2 години | Функционирање на системот | Човечки |

**ОБЛАСТ МЕНЏИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ПРОЕКТИТЕ ЗА АКВИЗИЦИЈА**

Образложение: Воочена е потреба од воспоставување на соодветна размена на информации помеѓу ИПТ и одделението за аквизиција

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воспоставување на соодветна размена на информации помеѓу ИПТ и одделението за аквизиција | Ревидирање на постоечките и носење на нови детални процедури и методологија за управување со аквизициски проекти | СЛ/ГШ на АРМ | Среден | 2 години | Континуирана размена на информации | Човечки |

ЦЕЛ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОГИСТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ - КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ПРОИЗВОДИ

ОБЛАСТ: ПРИЕМ НА ПРОИЗВОДИ

Образложение: Постоење на објективни и субјективни причини за утврдување на квалитетот на прозиводите согласно договорите остава можност за прием на прозиводи со квалитет различен од договореното

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Контрола и обезбедување на квалитет на стоки, услуги и работи | Вклучување на на експерти во процесот на контрола на квалитетот стоките, услугите и работите кои се набавуваат | СЛ | Висок | Континуирано | Намалување на отстапувањата од квалитетот согласно договорите | човечки |

ЦЕЛ: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ИНТЕГРИТЕТ

ОБЛАСТ: ВНАТРЕШНА ИНФОРМАТИВНА КАМПАЊА ЗА ПРОМОЦИЈА НАПОРИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ИНТЕГРИТЕТ

Образложение: Воведувањето на информативна кампања за промоција на напорите за градење интегритет позитивно влијае на ефектите од напорите за јакнење на интегритетот и намалување на ризиците од корупција

| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на внатрешна информативна кампања за промоција на напорите за градење интегритет | Изработена кампања; Промоција на изјавата на водечки вредности | СКАОП | Среден | 6 - 12 месеци | Спроведена информативна кампања | 40,000 денари |
| Изработка на проактивна стратегија за информирање и вклучување на персоналот од Министерството за одбрана и вооружените сили во имплементацијата на Планот за интегритет кога истиот ќе се развие и одобри. | Изработена стратегија | СКАОП | Среден | 6 -12 месеци | Изработена стратегија | Нема |
| Спроведување на одделни информативни мерки за промоција на телефонската линија за пријавување на сомнежи од корупција | Фраери, билтен на министерот за одбрана, веб страна, внатрешен веб портал, циркулација на поемотивни e-mail пораки и сл. | СКАОП | Висок | 6 месеци | Поголема информираност и пристап до телефонската линија за пријави за сомнежи од корупција | Дел од ресурсите за внатрешната кампања |

| ОБЛАСТ: КОНТРОЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА НАДЛГЕДУВАЊЕ НА ИМПЛМЕНЕТАЦИЈАТА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образложение: Контролните механизми позитивно влијаат врз степенот на имплементацијата на планот за интегритет | | | | | | |
| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
| Формирање на Комисија за контрола на имплементацијата на Планот за интегритет и координација на напорите за превенција од корупција | Формирана комисија | Министер | Висок | 6 -12 месеци | Активности на Комисијата | Човечки ресурси |

| ОБЛАСТ: БАЗЕН НА ЕКСПЕРТИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образложение: Самопроцента на интегриет покажа дека употребата на порограми за обука на обучувачи позитивно ќе влијае врз создавање на базен на експерти и воопшто промоција на културата на интегритет | | | | | | |
| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
| Формирање на базен на експерти | Спроведување на обуки за обучување на обучувачи | носител СЧР соработува со СМС | Висок | 8-14 месеци | Број на обучени обучувачи | човечки и финансиски |

| ОБЛАСТ: КОТИНУИРАНА ОБУКА НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛОТ ЗА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образложение: Искуствата на земјите кои спровеле самопроценка покажуваат дека континуираните ориентациони обуки за запознавање со ризиците корупција и развој на интегриет, влијаат на превенција на корупцијата и промоција на културата на интегритет | | | | | | |
| Активност | Индикатор на активност | Надлежност | Приоритет | Рок | Индикатор на ефективност | Ресурси |
| Воведување на електронски on-line курсеви за воен и цивилен персонал | Реализација на on-line курсеви | Носител СЧР соработува со СМС и К4 | Среден | 6-12 месеци | Број на лица кои завршиле основна обука | нема |
| Воведување на редовна обука за ризиците од корупција во работењето во МО и АРМ | Реализација на редовни курсеви | СЧР/базен на експерти | Среден | 12-16 месеци | Број на лица кои завршиле основна обука | човечки |
| Редовно упатување на лица на меѓународни курсеви, семинари, конференции | Учество на персонал на меѓународни активности | СМС | Среден | тековно | Број на упатени лица во соодност со број на понудени активности | тековно |
| Учество на високо раководство на меѓународни активности за промоција на интегритетот | Учество на високо раководство на меѓународни активности за промоција на интегритетот | СМС | Среден | тековно | Реализирани настани | тековно |